**20130691470**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 мај 2013 година.

Бр. 07-1963/1
13 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Член 1

Во Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" број 26/2009, 136/11 и 1/12), во членот 34 став (1) зборовите: „други видови на" се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Договорот за концесија на дивечот во ловиштето не може да се пренесува на друго правно лице."

Член 2

Во членот 35 став 2 зборовите: „со договор за концесија" се заменуваат со зборовите: „со Законот за концесии и јавно приватно партнерство".

Член 3

Во членот 36 став (1) зборовите: „други видови на" се бришат.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 4

Членот 36-а се менува и гласи.

"Постапката за давање на дивечот во ловиштата на концесија ја спроведува Комисија за спроведување на постапката формирана согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство."



www.pravdiko.com

Член 5

Во членот 37 став (1) зборовите: „за давање на дивечот во ловиштето со концесија“ се заменуваат со зборовите: „за избор на најповолна понуда“.

Во ставот (2) зборовите: „други видови на“ се бришат.

Ставот (4) се менува и гласи:

“Правното лице кое е избрано за најповолен понудувач е должно во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда до комисијата да достави:

- доказ за материјално-технички можности за вршење на дејноста ловство недвижен имот и движен имот (теренски возила, оружје за ловочуварска служба и средства за комуникација),
- програма за развојни можности на дивечот под заштита во ловиштето и
- доказ дека правното лице има вработено најмалку едно стручно лице со завршено високо образование, односно доказ дека правното лица има вработено најмалку едно стручно лице со завршено средно образование од шумарска струка со положен испит по предметот ловство, односно зоологија и систематика на дивечот/ловно стопанство.“

Член 6

Во членот 38 став (1) зборот „конкурс“ се заменува со зборовите: „јавниот повик“.

Член 7

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

„Член 38-а

Договорот за концесија на дивечот во ловиштата може да се измени во случаите предвидени со членот 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.“

Член 8

Членот 39 се менува и гласи:

“(1) Владата на Република Македонија може еднострано да го раскине договорот за концесија во случаите предвидени во членот 44 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(2) Концесионерот на дивечот во ловиштата може еднострано да го раскине договорот за концесија во случаите предвидени во членот 45 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(3) Доколку се раскине договорот за концесија Владата на Република Македонија ќе одреди субјект на кој ќе го даде дивечот на присилна концесија до моментот на давање на концесија на дивечот согласно со членот 38 од овој закон.

(4) Правата и обврските на Владата на Република Македонија и субјектот на кој дивечот ќе се даде на присилна концесија до моментот на давање на користење на дивечот согласно со членот 38 од овој закон, ќе се утврдува со договор.“

Член 9

Започнатите постапки за давање на дивечот во ловиштата на концесија ќе завршат согласно со Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија“ број 26/2009, 136/11 и 1/12).

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com